ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 08 – 200/2

Дата: 27.01.2011

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет на Агенцијата за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст - Агенција) за 2009 година.
Не е вршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.
Ревизијата не обезбеди доволно докази за да се увери дека сметководствената евиденција е целосна и комплетна за реално и објективно изготвување на финансиските извештаи за 2009 година. Причината за ова е прекинот во континуитет во водење на сметководствените документи и сметководствената евиденција заради неизвршеното примопредавање помеѓу сметководствените бироа кои биле задолжени да ја водат сметководствената евиденција.
Заради наведеното не е изразено мислење за објективното и вистинитото прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и не е изразено мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Од страна на одговорните лица на Агенцијата не се примени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет на Агенцијата кои се состојат од Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и

објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Агенцијата за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Атанас Србовски , директор на Агенцијата до 20.05.2009 година и
- Лазар Гечевски, директор на Агенцијата од 19.06.2009 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Агенцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите

рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 26/10/2010 до 16/11/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата – предмет на ревизија.

Од страна на одговорните лица на Агенцијата не се примени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 3.1. Финансиски извештаи

Со увид во работењето на Агенцијата ревизијата констатира дека сметководствената евиденција е доверена на надворешно сметководствено биро. Со именувањето на новиот директор, во месец август раскинат е договорот со бирото со образложение дека истиот е штетен поради

невообичаено високата цена и несовесно водење на сметководство. После неколку неуспешни обраќања до надлежните институции[1] за водење на сметководствената евиденција, Агенцијата во месец ноември склучува нов договор со друго сметководствено биро кое ги превзема сите активности за успешно изготвување на завршната сметка за 2009 година. Но, со склучувањето на новиот договор не е извршено примопредавање на сметководствената документација и евиденција со претходното биро, поради што се јавува прекин во континуитет на истата што е неопходно за реално и објективно прикажување на состојбата во билансите, особено што и завршната сметка за 2008 година не е изготвена согласно законската регулатива. За утврдување на состојбите и изготвување на завршната сметка за 2009 година направен е попис на затечената состојба. Врз основа на проценки и постоечки фактури утврдена е вредноста на основните средства прикажана во Билансот на состојба. Испратени се конфирмации за потврдување и усогласување на состојбата на обврските. Расходните ставки се прокнижени врз основа на банкарските изводи. Во однос на паричните средства - благајната, во самиот попис е истакнато дека не може да се утврди вистинската состојба поради тоа што во претходниот период не е воспоставена евиденција на благајничкото работење односно, не се изготвувале благајнички извештаи. Кон благајничките извештаи не се приложени документи за прием и користење на средства од благајната, за патните налози не се врши пресметка и задолжување на вработените и не се изготвуваат решенија за службени патувања.

Во текот на 2009 година пратено е известување до Финансиската полиција за утврдените состојби и нерегуларности во работењето на претходниот директор.

И покрај сите активности превземени од страна на Агенцијата до крајот на годината, ревизијата не можеше да се увери во комплетноста на прикажаните состојби во завршната сметка дотолку повеќе што не е воспоставена аналитичка евиденција на средствата и изворите на средствата.

## 4. Ревизорско мислење:

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 3.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

Поради ограничување на делокругот објаснет во точката 3.1,ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за енергетика на Република Македонија се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

[1] Служба за општи и заеднички работи, Министерство за економија и Министерство за финансии

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност

5.1. Со Закон за основање на Агенцијата за енергетика на РМ во 2005 година основана е Агенцијата заради поддршка на Владата на РМ во спроведувањето на енергетската политика која согласно Законот за енергетика се утврдува со Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија. Со Стратегијата треба да се дефинира најпогодниот долгорочен развој на енергетскиот сектор во Републиката како и енергетските, економските, организационите, институционалните и законодавните димензии на развојот на енергетскиот сектор. Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија е донесена од страна на Владата во текот на 2010 година, пет години по основањето на Агенцијата. Отсуството на долгорочна стратегија за развој и работа на енергетскиот сектор довело до нецелосно функционирање на Агенцијата.

Со увид во законската регулатива од областа на енергетиката ревизијата констатира дека не постои јасно разграничување на улогата и надлежностите на институциите инволвирани во енергетскиот сектор[2]. Имено, со Законот за основање на Агенцијата не се јасно прецизирани надлежностите на истата, како значаен сегмент во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори за производство на електрична енергија. Исто така, не е јасно дефиниран надзорот над работењето на Агенцијата од страна на Министерство за економија, дотолку повеќе што како орган на управување постои Управен одбор составен од претставници на Владата помеѓу кои и претставници од Министерство за економија.

Ревизијата е на мислење дека во Законот за енергетика треба да се прецизираат надлежностите на институциите инволвирани во енергетскиот сектор и поради значајната улога на Агенцијата истата да добие посебно поглавје во Законот, како што е случајот со Регулаторна комисија за енергетика.

5.2. Во текот на 2009 година како и во 2010 година, директорот во писмена форма повеќе пати се обраќал до сите надлежни институции за решавање на проблемите со кои се соочил и кои претставувале пречка за извршување на основната дејност на Агенцијата,истакнувајќи:

- Недоволна екипираност во однос на стручен кадар;
- Несоодветен работен простор за функционирање на Агенцијата;
- Намален буџет на Агенцијата од 11,800 на 7,800 илјади денари, кој го доведува во прашање основното работење и завршувањето на тековните и програмските активности;
- Неактивност на Управниот одбор,

[2] Министерство за економија - Сектор за енергетика, Регулаторна комисија за енергетика и Агенција за енергетика

- Нејасно дефинирани цели и задачи како и недоволно прецизирани надлежности на институциите инволвирани во енергетскиот сектор.

Ревизијата е на мислење дека без соодветна поддршка од страна на УО и надлежното министерство, директорот тешко би можел да ги решава проблемите и успешно да раководи со Агенцијата.

5.3. Согласно Договорот за Енергетска заедница, Македонија го усогласува своето законодавство со постојната правна регулатива на Европската унија (acquis communautaire) за енергија, животна средина, конкуренција, обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и за нафтени резерви. Стратешките определби на Македонија во енергетскиот сектор, меѓу кои е и определбата за усогласување со acquis communautaire се вградени во Законот за енергетика, поради што е формирана и Агенцијата за енергетика како самостоен орган со својство на правно лице. Агенцијата функционира како единка корисник во рамките на Министерство за економија и нејзиниот буџет е даден како Програма во рамките на Министерството. Во текот на 2009 година до Министерството за финансии доставени се барања за издвојување на Агенцијата како посебен раздел во Буџетот на РМ, имајќи ја предвид самостојноста на Агенцијата и нејзината рамноправна улога во енергетскиот сектор.

Потребно е да се истакне дека од Министерството за економија формирани се нови правни субјекти кои имаат мандат да вршат функции и работни задачи од различни области на економијата за кои постојат повеќе сектори во рамки на Министерството. Новоформираните институции (агенции, комисии и институти) имаат различен статус некои се посебен буџетски корисник, а некои се програма во рамките на буџетот на Министерството, односно, единка буџетски корисник. Исто така, кај овие институции начинот на управување е различен, независно што сите користат буџетски средства. Некои имаат само директори, а дел од нив покрај директорот и Управен одбор како орган на управување.

Скопје, 26/01/2011 година

**Агенција за енергетика на Република Македонија**

**Сметка на основен буџет**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

**во 000 денари**

| Опис | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 7,871 | 10,904 |
| **Вкупно приходи** | **7,871** | **10,904** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 2,954 | 3,299 |
| Стоки и услуги | 4,917 | 7,605 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,871** | **10,904** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **7,871** | **10,904** |

**Агенција за енергетика на Република Македонија**
**Сметка на основен буџет**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 0 | [illegible] |
| Побарувања од вработените | 50 | |
| Активни временски разграничувања | 1,365 | 6 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,415** | **7** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 1,081 | 3 |
| **Вкупно постојани средства** | **1,081** | **3** |
| **Вкупна актива** | **2,496** | **1,1** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 898 | 4 |
| Краткорочни финансиски обврски | 266 | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 201 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | 50 | |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,415** | **7** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1,081 | 3 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1,081** | **3** |
| **Вкупна пасива** | **2,496** | **1,1** |